АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 01.09.2023
Орг. единица Njësia org.: 10 | Број Numër: 3356 | Прилог Shtesë: 1 | Вредност Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес;
3. **Период опфатен со надзорот:** 8 август 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 септември 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка:/**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, емитуван на 8 август 2023 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 8 август 2023 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Тоа се податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точките 6 (*импресум за програми од сопствено производство*) и 10 (*импресум за програми од туѓо производство*) од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, без импресум се емитувани:

- **ТВ Дневникот/Вестите на ТВ Здравкин** – програмска целина, само графички врамена со автентични најавна и одјавна шпица на Телевизијата, а содржински претставува монтажен склоп од информативни прилози направени од редакциите на *Радио Слободна Европа* и на *Гласот на Америка* (вести на македонски јазик);

- **Кусите видеовести** - преземени од *Euronews*, повеќепати се емитувани единечни прилози од видеовести – „*Без коментар*" (без проширен новинарски контекст) за тековни настани од Украина („*Преуредување национален споменик во Киев*") и од Пакистан („*Железничка несреќа*");

**8 август 2023 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| **ТВ Дневик/Вести на ТВ Здравкин** | 00:14:01 | 00:31:37 |
| | 11:04:03 | 11:21:40 |
| | 17:01:19 | 17:32:20 |
| | 22:02:48 | 22:33:49 |
| | | |
| **Куси видеовести** | 00:32:10 | 00:33:10 |
| | 05:08:02 | 05:09:02 |
| | 07:20:14 | 07:21:15 |
| | 09:14:55 | 09:15:55 |
| | 11:22:12 | 11:23:12 |
| | 13:26:16 | 13:27:22 |
| | 17:32:51 | 17:34:51 |
| | 18:55:30 | 18:56:30 |
| | 20:31:48 | 20:33:48 |
| | 22:02:48 | 22:03:49 |
| | 22:34:21 | 22:36:20 |
| | 23:42:14 | 23:43:15 |

**Опис на прекршувањето:**

Емисиите се емитувани без импресум, што е спротивно на точките 6 (*импресум за програми од сопствено производство*) и 10 (*импресум за програми од туѓо производство*) од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците;

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, во програмскиот сервис од 8 август 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***